ЈЗУ Институт за јавно здравје
на Република Македонија

# АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА СО СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ СТУДИИ ВО ДЕНТАЛНАТА МЕДИЦИНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОД 2021-2025



Скопје, 2026 година

ИЗДАВАЧ: ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ДИРЕКТОР: Науч. сор. д-р Марија Андоновска

СТРУЧНА ОБРАБОТКА: Оддел за здравствена промоција и следење на болести

АВТОРИ: М-р д-р Лидушка Василеска, спец. прим.
Науч. сор. д-р Марија Андоновска

КО-АВТОРИ: Д-р Давид Здравески
Д-р Марија Мисајловска

УРЕДНИК: Науч. сор. д-р Марија Андоновска

ТЕХНИЧКА ПОДГОТОВКА:
Сузана Дунгевска
Борче Андоновски

ЈЗУ Институт за јавно здравје
на Република Македонија

# АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА СО СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ СТУДИИ ВО ДЕНТАЛНАТА МЕДИЦИНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОД 2021-2025

Скопје, 2026 година

# СОДРЖИНА

*ПРЕДГОВОР* ........................................ *7*

*1. ВОВЕД* ........................................ *9*

*2. БРОЈ И ВИД НА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ СТУДИИ ОД ОБЛАСТА НА ДЕНТАЛНАТА МЕДИЦИНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОД ОД 2021 ДО 2025* ......... *13*

*ЗАКЛУЧОЦИ:* ........................................ *39*

# ПРЕДГОВОР

Анализата на состојбата со специјалистички студии во денталната медицина во Република Македонија  во период 2021-2025 е изготвена  согласно Националната годишна програма за јавно здравје во Република Македонија за 2026 година од страна на Одделот за здравствена промоција и следење на болести.

Цел на Анализата е да се презентира состојбата на стоматолози/доктори по дентална медицина кои специјализираат во определени гранки на стоматологијата, според вид на специјалност, вкупно и по градови во перодот од 5 години, почнувајки од 2021 заклучни со 2025 година.

Извор на податоци се податоците од Стоматолошкиот факултет при Универзитетот Св.Кирил и Методиј"од Скопје и Универзитет „Гоце Делчев" Штип, Факултет за медицински науки.

Податоците се обработени табеларно и графички. Применет е дескриптивно аналитички метод на работа.

Институтот за јавно здравје на Република Македонија искажува благодарност за соработката и добиените податоци врз основа на кои е изготвена анализата на состојбата на стоматолози/доктори по дентална медицина кои специјализираат во областа на денталната медицина.

# 1. ВОВЕД

Согласно член 17, алинеа 2 од став (1) од Законот за здравствената заштита, редакциски пречистен текст[1], со мрежата на здравствени установи се утврдуваат - кадровските, просторните и сместувачките капацитети за вршење на одделен вид здравствена дејност, односно специјалност.

Согласно член 28 „Здравствената дејност во мрежата, што ја обезбедува и организира Република Македонија, се состои од јавни здравствени установи и приватни здравствени установи, кои вршат здравствена дејност врз основа на лиценца (во натамошниот текст: носители на лиценца), во кои се врши здравствена дејност под еднакви услови и кои се вклучуваат во интегриран здравствен информатички систем согласно со прописите за евиденциите од областа на здравството".

Во Содржина на здравствената дејност од Законот за здравствената заштита, член 26, алинеа 7 од став (1) здравствената дејност, во смисла на овој закон, опфаќа стоматолошка превентивна, куративна и протетичка дејност.

Согласно член 30, здравствена дејност на примарно ниво опфаќа:став (8) спречување, откривање и лекување на болести на устата и забите и спроведување на забно-протетичка рехабилитација; и став (14) итна медицинска и стоматолошка помош.

Според член 36, субјекти кои вршат здравствена дејност во мрежата на секундарно ниво:став (1) здравствената дејност во мрежата на секундарно ниво ја вршат ординациите и поликлиниките од специјалистичко-консултативната здравствена дејност, дијагностичката лабораторија, центрите, болниците, институтите и болниците за нега.

Согласно член 37, здравствената дејност на терцијарно ниво опфаќа:

- вршење здравствени услуги кои бараат стручен, организациски и технолошки сложен и мултидисциплинарен здравствен третман;
- целосно и споредбено следење на развојот на одделни специјалности во државата и во други држави и изготвување на национални предлози за развој наодделни специјалности;
- подготовка врз основа за обликување на стручни упатства и национални предлози за развој на одделен вид здравствена дејност, односно здравствена специјалност и соработка при нивното спроведување,

1 Редакциски пречистениот текст на Законот за здравствена заштита, ги опфаќа: основниот текст на Законот објавен во „Службен весник на РМ" бр. 43/12, Законот за изменување и дополнување на Законот за зравствена заштита, објавен во „Службен весник на РМ" " бр. 145/12, Одлука од Уставниот суд на Република Македонија У.бр. 59-2002 од 24 април 2013 година „Службен весник на РМ" бр. 65/13, Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита, објавен во „службен весник на РМ" бр. 87/13, Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита објавен во „Службен весник на РМ" 164/13, Законот за изменување и дополнување на Законот за зравствена заштита, објавен во „Службен весник на РМ" бр. 39/14), Законот за изменување и дополнување на законот за здравствена заштита објавен во „Службен весник на РМ" бр. 43/14, Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр. 69/2012 од 11 јуни 2014 година „Службен весник на РМ" бр. 101/14, Законот за изменување на Законот за здравствена заштита, објавен во „Службен весник на РМ" бр. 10/15) и Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита, објавен во „Службен весник на РМ" бр. 61/15, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена

- пренос на знаења и вештини од другите држави,
- пренос на знаења и вештини на здравствените установи на секундарно и примарно ниво,
- истражување и проверување на нови методи за спречување, откривање, лекување, здравствена нега и акушерска нега и медицинска рехабилитација на здравствените состојби и
- советување и помош за стручно-медицински прашања на здравствени установи на секундарно и примарно ниво, Министерството за здравство, коморите и Фондот за здравствено осигурување.

Во чл. 13 од Законот за здравствена заштита регулирано е работењето на здравствени установи надвор од мрежата кои се приватни здравствени установи под услови утврдени со овој закон, но кои се финансираат од здравствени услуги кои пациентите ги плаќаат со лични средства.

Во чл.138 став (1) од Законот за здравствена заштита регулирано е право на специјализација и супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование кои можат да специјализираат и да супспецијализираат од определени гранки на стоматологијата.

Во став (2) од истиот член се укажува на Гранките на специјализациите и супспецијализациите, времето на нивното траење, деловите на стажот на специјализациите (турнуси), плановите и програмите, како и начинот на спроведувањето на стажот, начинот на полагање на испитот и образецот на специјализантската книшка и на книгата за евиденција за спроведените постапки и интервенции во текот на стажот на специјализации ги пропишува министерот за здравство по претходно мислење на соодветната високообразовна установа.

Согласно Член 140 став (1) од овој закон, специјализацијата и супспецијализацијата се спроведува преку теоретска настава и практична обука која се спроведува во одредено траење во соодветните високообразовни и здравствени установи.

Според Член 141 став (1) од Законот за здравствена заштита, здравствените работници со високо образование можат да специјализираат ако имаат завршена пробна работа, положен стручен испит и лиценца за работа.

Согласно Член 144-а став (1), Планот и програмата за специјализација се спроведуваат без прекин, а стажот на специјализацијата завршува по успешното завршување на сите турнуси по утврдената програма и спроведувањето на сите постапки и интервенции во текот на стажот на специјализацијата.

Обврски на специјализантот во текот на целокупното траење на специјализацијата се регулирани во член 144-ж став (1), Во текот на секоја година на специјализација, специјализантот е должен да ги стекне предвидените вештини преку извршување на постапки, интервенции, асистенции и операции во вид и обем утврден со програмата за специјализација

Согласно Став (3) од истиот член, наставата од соодветната гранка на специјализацијата ја организира и спроведува високообразовната установа која ја спроведува специјализацијата.

Според Член 145-а став (1), По совладувањето на планот и програмата за специјализација, специјализантот во присуство на менторот, полага специјалистички испит и став (2) Специјалистичкиот испит од став (1) на овој член, специјализантот го полага најдоцна шест месеци од денот на завршување на стажот на специјализацијата пред испитна комисија формирана од министерот за здравство, на предлог на високообразовната установа на која се спроведува специјализацијата.

Според Уредбата за мрежата на здравствени установи (Сл. весник бр. 81 од 28 јуни 2012 година) се утврдува максималниот број на специјалисти. Во рамки на ПЗЗ треба да има тим од 1 избран стоматолог и 1 стоматолошка сестра на 1000 жители. На ниво на СЗЗ и ТЗЗ треба да има:

- 1 специјалист по максилофацијална хирургија на 200 000 жители
- 1 специјалист по стоматолошка протетика на 75 000 жители
- 1 специјалист по ортодонција на 8 000 жители
- 1 специјалист по орална хирургија на 100 000 жители
- 1 специјалист по ендодонција на 200 000 жители
- 1 специјалист по орална (дентална) патологија на 200 000 жители

Во 2012 година според Уредбата, состојбата со специјалистички стоматолошки кадар по 5 одделни гранки и максималниот број на тимови во мрежата е прикажана на следната табела:

| Дејност | | Вкупно | Пелаг. | Вардар | СИ | ЈЗ | Скопски | ЈИ | Полошки | Источен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Стоматолошка протетика | Макс. бр. -М | 27 | 3 | 2 | 2 | 3 | 8 | 2 | 4 | 3 |
| | Актуелен бр.-А | 74 | 8 | 7 | 1 | 5 | 35 | 4 | 5 | 9 |
| Ортодонција | М | 259 | 29 | 17 | 22 | 28 | 77 | 22 | 39 | 25 |
| | А | 73 | 10 | 6 | 3 | 6 | 21 | 5 | 12 | 10 |
| Орална хирургија | М | 20 | 2 | 1 | 2 | 2 | 6 | 2 | 3 | 2 |
| | А | 40 | 2 | 2 | 3 | 5 | 11 | 4 | 10 | 3 |
| Дентална патологија | М | 11 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 | 2 | 1 |
| | А | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Максилоф. хирургија | М | 11 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 | 2 | 1 |
| | А | 10 | 5 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 | 2 |
| Вкупно | М | 328 | 36 | 22 | 28 | 35 | 97 | 28 | 50 | 32 |
| | А | 197 | 25 | 15 | 7 | 16 | 68 | 13 | 29 | 24 |

Согласно податоците од Мрежата од 2012 година за кадар од стоматолошката дејност дадени се само 5 специјалности од кои дентална патологија не постои како специјалност. Специјалноста ендононција дадена во мрежата сега е со друг назив и тоа ендодонција и реставративна стоматологија. Детска и превентивна стоматологија, парадонтологија и орална медицина не постојат во Уредбата и за нив не се дадени нормативи.

# 2. БРОЈ И ВИД НА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ СТУДИИ ОД ОБЛАСТА НА ДЕНТАЛНАТА МЕДИЦИНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОД ОД 2021 ДО 2025

Анализата на специјалистички студии од областа на денталната медицина во РМ ќе ја презентира состојбата на стоматолози/доктори по дентална медицина кои специјализираат во определени гранки на денталната медицина, вкупно, по градови и по вид во перодот од 5 години, почнувајќи од 2021 заклучни со 2025 година. Од анализата треба да произлезат заклучоци кои ќе помогнат во понатамошното планирање и распределба на потребен бројот и вид на специјализации по региони во Република Македонија.

Специјалистичките студии од областа на стоматологијата се одвиваат на Универзитетскиот стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон" и Универзитетот „Гоце Делчев" Штип, Факултет за медицински науки.

Во 2021 година специјалистички студии посетуваат вкупно 132 специјализанти од кои 117 се на Универзитетски стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон" Скопје а 15 специјалистичките студии ги реализиираат во Универзитетот „Гоце Делчев" Штип, Факултет за медицински науки.

Од вкупниот број на стоматолози/доктори по дентална медицина кои се на специјализација во 2021, најмногу се од Скопје - 69, Тетово - 10 и Охрид - 8. Повеќето градови немаат испратено стоматолози/доктори по дентална медицина на специјализација: Берово, Валандово, Виница, Неготино и др. (табела 1а и табела 1б)

*Табела 1а. Стоматолози/доктори по дентална медицина на специјалистички студии во Република Македонија - 2021 година- Универзитетски стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон" Скопје*

| Град | Број на специјализации | Вид на специјалности |
|---|---|---|
| Берово | | |
| Битола | 4 | 1 Стоматолошка протетика - 3<br>2. Детска и превентивна стоматологија - 1 |
| Брод | 1 | 1. Детска и превентивна стоматологија |
| Валандово | | |
| Велес | | |
| Виница | | |
| Гевгелија | 1 | 1. Орална хирургија |
| Гостивар | 3 | 1.Орална хирургија<br>2.Пародонтологија<br>3.Стоматолошка протетика |
| Дебар | | |
| Делчево | | |

| Град | Број на специјализации | Вид на специјалности |
|---|---|---|
| Демир Хисар | | |
| Кавадарци | 1 | 1.Орална хирургија |
| Кичево | 3 | 1.Орална хирургија<br>2.Стоматолошка протетика -2 |
| Кочани | 3 | 1.Ортодонција - тројца |
| Кратово | | |
| Крива Паланка | 1 | 1 Стоматолошка протетика |
| Крушево | 1 | 1 Стоматолошка протетика |
| Куманово | 4 | 1. Орална хирургија -2<br>2. Стоматолошка протетика<br>3. Детска и превентивна стоматологија |
| Неготино | | |
| Охрид | 8 | 1. Орална хирургија - 2<br>2. Пародонологија - 3<br>3. Стоматолошка протетика- 2<br>4. Ендодонција и реставративна стоматологија |
| Прилеп | 4 | 1.Ортодонција<br>2. Детска и превентивна стоматологија -2<br>3.Максилофацијална хирургија |
| Пехчево | 1 | 1. Детска и превентивна стоматологија |
| Пробиштип | 1 | 1 Стоматолошка протетика |
| Радовиш | | |
| Ресен | 1 | 1.Ортодонција |
| Свети Николе | | |
| Скопје | 63 | 1. Орална хирургија - 12<br>2.Ортодонција - 20<br>3.Пародонтологија- 10<br>4.Орална медицина - 2<br>5. Детска и превентивна стоматологија-6<br>6. Ендодонција и реставративна стоматологија- 2<br>7. Стоматолошка протетика-10<br>8. Примарна стоматолошка здравствена заштита-1 |
| Струга | 4 | 1.Ортодонција – 2<br>2. Орална хирургија- 2 |
| Струмица | 3 | 1.Ортодонција<br>2. Орална хирургија- 2 |
| Тетово | 10 | 1.Ортодонција- 2<br>2. Орална хирургија- 3<br>3.Детска и превентивна стоматологија-3<br>4. Стоматолошка протетика -1<br>5. Максилофацијална хирургија -1 |
| Штип | | |
| Вкупно | 117 | состојба - 26.04.2021 година |

Извор: Универзитетски стоматолошки клинички центар “Свети Пантелејмон”

*Табела 1 б. Стоматолози/доктори по дентална медицина на специјалистички студии во Република Македонија - 2021 година - Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Факултет за медицински науки*

| Град | Број на специјализации | Вид на специјалности |
|---|---|---|
| Берово | | |
| Битола | | |
| Богданци | | |
| Брод | | |
| Валандово | | |
| Велес | 1 | Орална хирургија |
| Виница | | |
| Гевгелија | 1 | Орална хирургија |
| Гостивар | | |
| Дебар | | |
| Делчево | | |
| Демир Капија | | |
| Демир Хисар | | |
| Кавадарци | | |
| Кичево | | |
| Кочани | 3 | 1. Орална хирургија -2<br>2.Ендодонција со реставративна стоматологија -1 |
| Кратово | | |
| Крива Паланка | | |
| Крушево | | |
| Куманово | | |
| Неготино | | |
| Охрид | | |
| Прилеп | | |
| Пробиштип | | |
| Радовиш | | |
| Ресен | | |
| Свети Николе | | |
| Скопје | 6 | 1.Орална хирургија - 5<br>2.Ортодонција - 1 |
| Струга | | |
| Струмица | | |
| Тетово | | |
| Штип | 4 | 1. Орална хирургија - 3<br>2.Ортодонција - 1 |
| Вкупно | 15 | |

Извор: Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Факултет за медицински науки

Во 2021 најголем интерес постои за специјалноста орална хирургија и завзема 30% од сите видови на специјализации а ја посетуваат 39 доктори по стоматологија/ доктори по дентална медицина. На ниво на Република Македонија во 2021 година има 120 специјалисти по орална хирургија. На второ место по атрактивност се специјалистичките студии по ортодонција со 24%, ја посетуваат 32 доктори. Од вкупниот број на специјалисти на ниво на Република Македонија најмногу се специјалистите по ортодонција (168). Со 18% од вкупниот број на активни специјализации, специјаноста по стоматолошка протетика е на трето место и ја посетуваат 23 доктори по стоматологија, а вкупниот број на специјалисти на ниво на државата е 157.

Најмал интерес постои за специјалноста општа стоматологија/примарна стоматолошка здравствена заштита, каде што на специјализација е еден стоматолог, а на ниво на држава има 16 специјалисти. Слична е состојбата и со специјалностите, орална медицина (1%) од која во 2021 година нема специјализирани стоматолози/ доктори по дентална медицина, максилофацијална хирургија (2%), од која на ниво на држава има 19 специјалисти. Ендодонција и реставративна стоматологија е застапена со 4% а во РМ постојат 26 специјалисти од оваа област (Дијаграм 1, Табела 2)

*Дијаграм 1. Структура на застапеност спорд вид на специјалистички студии во 2021 година*




Извор: Универзитетски стоматолошки клинички центар “Свети Пантелејмон”
Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Факултет за медицински науки

*Табела 2. Број на стоматолози/ доктори по дентална медицина специјалисти по вид на специјалности во Р.Македонија – 2021*

| | ВИД НА СПЕЦИЈАЛНОСТИ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Орална хирургија | Ортодонција | Стоматолошка протетика | Пародонтологија | Детска и превентивна стоматологија | Ендодонција и реставративна стоматологија | Орална медицина | Максилофацијална хирургија | Општа стоматологија/ Примарна стоматолошка здравствена заштита |
| 2021 | 120 | 168 | 157 | 36 | 72 | 26 | 0 | 19 | 16 |
| на специјализација 2021 | 39 | 32 | 23 | 14 | 15 | 4 | 2 | 2 | 1 |

Извор: Стоматолошка комора на Р. Македонија
Универзитетски стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон"
Универзитетот „Гоце Делчев" Штип, Факултет за медицински науки

Во 2022 година специјалистички студии посетуваат вкупно 156 доктори по стоматологија/доктори по дентална медицина од кои 120 се на Универзитетски стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон" Скопје а 36 специјалистичките студии ги реализиираат во Универзитетот „Гоце Делчев" Штип, Факултет за медицински науки.

Исто како во 2021 година според бројот на стоматолози/доктори по дентална медицина кои се на специјализација и во 2022 година, најмногу се од Скопје – 73, потоа е Тетово со 11 и Охрид со 8 активни специјализации. Повеќето градови немаат испратено стоматолози / доктори по дентална медицина на специјализација: Свети Николе, Валандово, Дебар, Делчево и др.

*Табела 3а. Стоматолози/доктори по дентална медицина на специјалистички студии во Република Македонија - 2022 година - Универзитетски стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон" Скопје*

| Град | Број на специјализации | Вид на специјалности |
|---|---|---|
| Берово | | |
| Битола | 5 | 1 Стоматолошка протетика - 3<br>2. Детска и превентивна стоматологија – 1<br>3. Максилофацијална хирургија -1 |
| Брод | 1 | 1. Детска и превентивна стоматологија |
| Валандово | | |
| Велес | | |
| Виница | | |
| Гевгелија | 2 | 1.Орална хирургија<br>2. Детска и превентивна стоматологија |
| Гостивар | 4 | 1.Орална хирургија<br>2.Пародонтологија<br>3.Стоматолошка протетика<br>4.Детска и превентивна стоматологија |
| Дебар | | |
| Делчево | | |

| Град | Број на специјализации | Вид на специјалности |
|---|---|---|
| Демир Хисар | 1 | 1. Детска и превентивна стоматологија |
| Кавадарци | 1 | 1.Орална хирургија |
| Кичево | 3 | 1.Орална хирургија<br>2.Стоматолошка протетика - 2 |
| Кочани | 3 | 1.Ортодонција – 2<br>2.Стоматолошка протетика |
| Кратово | | |
| Крива Паланка | 1 | 1 Стоматолошка протетика |
| Крушево | 1 | 1 Стоматолошка протетика |
| Куманово | 4 | 1. Орална хирургија - 2<br>2. Стоматолошка протетика<br>3. Детска и превентивна стоматологија |
| Неготино | | |
| Охрид | 8 | 1. Орална хирургија - 2<br>2. Пародонтологија – 3<br>3.Стоматолошка протетика-2<br>4. Ендодонција и реставративна стоматологија |
| Прилеп | 4 | 1.Ортодонција<br>2. Детска и превентивна стоматологија – 2<br>3.Максилофацијална хирургија |
| Пехчево | 1 | 1. Детска и превентивна стоматологија |
| Пробиштип | 1 | 1 Стоматолошка протетика |
| Радовиш | | |
| Ресен | 1 | 1.Ортодонција |
| Свети Николе | | |
| Скопје | 61 | 1. Орална хирургија - 12<br>2.Ортодонција – 20<br>3.Пародонтологија– 10<br>4.Орална медицина-2<br>5. Детска и превентивна стоматологија-5<br>6. Ендодонција и реставративна стоматологија- 2<br>7. Стоматолошка протетика-10 |
| Струга | 4 | 1.Ортодонција - 1<br>2. Орална хирургија- 2<br>3. Стоматолошка протетика- 1 |
| Струмица | 3 | 1.Ортодонција<br>2. Орална хирургија- 2 |
| Тетово | 10 | 1.Ортодонција- 1<br>2. Орална хирургија- 3<br>3.Детска и превентивна стоматологија-4<br>4. Стоматолошка протетика - 1<br>5. Максилофацијална хирургија-1 |
| Штип | 2 | 1.Максилофацијална хирургија- 2 |
| Вкупно | 120 | состојба - 26.04.2022година |

Извор: Универзитетски стоматолошки клинички центар “Свети Пантелејмон”

*Табела 36. Стоматолози/доктори по дентална медицина на специјалистички студии во Република Македонија - 2022 година- Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Факултет за медицински науки*

| Град | Број на специјализации | Вид на специјалности |
|---|---|---|
| Берово | 1 | Стоматолошка протетика |
| Битола | | |
| Богданци | 1 | Орална хирургија |
| Брод | | |
| Валандово | | |
| Велес | 3 | Орална хирургија-3 |
| Виница | 1 | Ендодонција со реставративна стоматологија |
| Гевгелија | 1 | Орална хирургија |
| Гостивар | | |
| Дебар | | |
| Делчево | | |
| Демир Капија | | |
| Демир Хисар | | |
| Кавадарци | 2 | 1. Орална хирургија – 1<br>2.Стоматолошка протетика - 1 |
| Кичево | | |
| Кочани | 3 | 1. Орална хирургија -2<br>2.Ендодонција со реставративна стоматологија -1 |
| Кратово | | |
| Крива Паланка | | |
| Крушево | | |
| Куманово | | |
| Неготино | 1 | Орална хирургија |
| Охрид | | |
| Прилеп | 1 | Стоматолошка протетика |
| Пробиштип | | |
| Радовиш | | |
| Ресен | | |
| Свети Николе | | |
| Скопје | 12 | 1. Орална хирургија – 9<br>2. Стоматолошка протетика – 2<br>3. Ортодонција -1 |
| Струга | 1 | Орална хирургија |
| Струмица | 2 | Орална хирургија - 1<br>Ендодонција со реставративна стоматологија - 1 |
| Тетово | 1 | Орална хирургија |
| Штип | 6 | 1. Орална хирургија – 4<br>2. Стоматолошка протетика – 1<br>3. Ортодонција -1 |
| Вкупно | 36 | |

Извор: Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Факултет за медицински науки

Во 2022 интересот за специјалноста орална хирургија е уште поголем од 2021, односно, од вкупно 156 стоматолози / доктори по дентална медицина кои посетуваат специјалистички студии на орална хирургија се 52, или 33%, а на ниво на Република Македонија има вкупно 123 специјалисти.

Најмногу специјалисти на ниво на Република Македонија има од областа на ортодонцијата, вкупно 174 а на специјалистички студии се наоѓаат 29 стоматолози, односно 19%. Слична е состојбата и со специјалноста стоматолошка протетика каде што специјализираат 30 доктори во 2022 година или 19%, а вкупниот број наа специјалисти на ниво на држава е 168. (Дијаграм 2 и Табела 4)

*Дијаграм 2. Процентуална застапеност според вид на специјалистички студии во РМ, 2022 година*




Извор: Универзитетски стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон"
Универзитетот „Гоце Делчев" Штип, Факултет за медицински науки

Најмал интерес постои за специјалноста општа стоматологија/примарна стоматолошка здравствена заштита, каде што на специјализација нема ниту еден стоматолог/доктор по дентална медицина, а во државата се вкупно 17 специјалисти. Слична е состојбата и со специјалистичките студии по орална медицина на која специјализираат двајца доктори и максилофацијална хирургија каде специјализираат 5 доктори, а на ниво на Република Македонија постојат 19 специјалисти. (Табела 4)

*Табела 4.* ***Број на стоматолози/ доктори по дентална медицина специјалисти и на специјализација по вид на специјалности во Република Македонија – 2022***

| година | ВИД НА СПЕЦИЈАЛНОСТ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Орална хирургија | Ортодонција | Стоматолошка протетика | Болести на уста и парадонт / Пародонтологија | Детска и превентивна стоматологија | Болести на заби и ендодонт/ Ендодонција и реставративна стоматологија | Максилофацијална хирургија | Орална медицина | Општа стоматологија/ Примарна стоматолошка здравствена заштита |
| 2022 | 123 | 174 | 168 | 41 | 74 | 26 | 19 | 1 | 17 |
| на специјализација | 52 | 29 | 30 | 14 | 18 | 6 | 5 | 2 | 0 |

Извор: Стоматолошка комора на Македонија
Универзитетски стоматолошки клинички центар **“**Свети Пантелејмон**”**
Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Факултет за медицински науки

Во 2023 година специјалистички студии посетуваат вкупно 217 специјализанти од кои 157 се на Универзитетски стоматолошки клинички центар “Свети Пантелејмон“ Скопје а 60 специјалистичките студии се реализиираат во Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Факултет за медицински науки.

Според бројот на стоматолози/доктори по дентална медицина во 2023 година кои се на специјалистички студии најмногу се од Скопје – 98, потоа е Гостивар – 15, Тетово – 14, Куманово - 11 и Штип со 9 доктори. Градовите Брод, Валандово, Делчево, Демир Хисар, Кратово и Пробиштип немаат испратено стоматолози/ доктори по дентална медицина на специјализација. (табела 5а и 5б)

*Табела 5а.* ***Стоматолози/доктори по дентална медицина на специјалистички студии во Република Македонија-2023 година, Универзитетски стоматолошки клинички центар “Свети Пантелејмон” Скопје***

| Град | Број на специјализации | Вид на специјалности |
|---|---|---|
| Берово | 0 | |
| Битола | 7 | Ендодонција и реставративна стомат - 2<br>Орална хирургија- 2<br>Детска и превентивна стоматологија<br>Пародонтологија<br>Максилофацијална хирургија - ЈЗУ |
| Богданци | 3 | Пародонтологија<br>Ортодонција<br>Стоматолошка протетика |
| Брод | 0 | |
| Валандово | 0 | |
| Велес | 2 | Ортодонција<br>Стоматолошка протетика |
| Виница | 1 | Орална хирургија |
| Гевгелија | 5 | Стоматолошка протетика- 2<br>Орална хирургија- 2<br>Ортодонција |

| Град | Број на специјализации | Вид на специјалности |
|---|---|---|
| Гостивар | 14 | Детска и превентивна стоматологија- 3<br>Пародонтологија- 3<br>Орална медицина- 2<br>Орална хирургија- 2<br>Стоматолошка протетика - 2<br>Ортодонција<br>Ендодонција и реставративна стомат |
| Дебар | 1 | Орална хирургија |
| Делчево | 0 | |
| Демир Капија | 1 | Орална хирургија |
| Демир Хисар | 0 | |
| Кавадарци | 2 | Ортодонција -2 |
| Кичево | 2 | Ортодонција<br>Орална хирургија |
| Кочани | 1 | Орална хирургија |
| Кратово | 0 | |
| Крива Паланка | 1 | Пародонтологија |
| Крушево | 0 | |
| Куманово | 11 | Детска и превентивна стоматологија-3<br>Стоматолошка протетика-2<br>Орална хирургија-2<br>Ендодонција и реставративна стомат - 2<br>Ортодонција<br>Пародонтологија |
| Неготино | 3 | Стоматолошка протетика<br>Ендодонција и реставративна стомат.<br>Детска и превентивна стоматологија |
| Охрид | 4 | Ортодонција - 2<br>Детска и превентивна стоматологија<br>Ендодонција и реставративна стоматологија |
| Прилеп | 4 | Пародонтологија - 2<br>Ортодонција<br>Стоматолошка протетика |
| Пробиштип | 0 | |
| Радовиш | 0 | |
| Ресен | 1 | Детска и превентивна ЈЗУ |
| Свети Николе | 1 | Орална хирургија |
| Скопје | 78 | Стоматолошка протетика- 20<br>Орална хирургија - 14<br>Пародонтологија - 13<br>Ортодонција - 11<br>Ендодонција и реставративна стомат – 9<br>Детска и превентивна стоматологија - 7<br>Орална медицин - 4 |
| Струга | 2 | Ортодонција<br>Пародонтологија |
| Струмица | 3 | Ендодонција и реставративна стомат - 2<br>Стоматолошка протетика |
| Тетово | 10 | Пародонтологија - 3<br>Ортодонција- 3<br>Орална хирургија- 2<br>Ендодонција и реставративна стомат<br>Детска и превентивна стоматологија |
| Штип | 0 | |
| Вкупно | 157 | 157 |

Извор: Универзитетски стоматолошки клинички центар “Свети Пантелејмон”

*Табела 5б. Стоматолози/доктори по дентална медицина на специјалистички студии во Република Македонија -2023 година, Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Факултет за медицински науки*

| Град | Број на специјализации | Вид на специјалности |
|---|---|---|
| Берово | 1 | Стоматолошка протетика |
| Битола | 1 | Стоматолошка протетика |
| Богданци | 2 | Орална хирургија-2 |
| Брод | 0 | |
| Валандово | 0 | |
| Велес | 3 | Орална хирургија-3 |
| Виница | 1 | Ендодонција со рестарвативна стоматологија-1 |
| Гевгелија | 2 | 1. Ортодонција - 1<br>2. Орална хирургија - 1 |
| Гостивар | 1 | Ортодонција |
| Дебар | 0 | |
| Делчево | 0 | |
| Демир Капија | 0 | |
| Демир Хисар | 0 | |
| Кавадарци | 3 | 1. Ортодонција -1<br>2. Орална хирургија -1<br>3. Стоматолошка протетика – 1 |
| Кичево | 1 | Орална хирургија |
| Кочани | 3 | 1. Орална хирургија – 2<br>2. Ендодонција со рестарвативна стоматологија -1 |
| Кратово | 0 | |
| Крива Паланка | 0 | |
| Крушево | 0 | |
| Куманово | 0 | |
| Неготино | 1 | Орална хирургија |
| Охрид | 2 | Орална хирургија-2 |
| Прилеп | 1 | Стоматолошка протетика |
| Пробиштип | 0 | |
| Радовиш | 2 | 1.Ендодонција со реставративна стоматологија- 1<br>2.Стоматолошка протетика - 1 |
| Ресен | | |
| Свети Николе | | |
| Скопје | 20 | 1. Ендодонција со рестарвативна стоматологија - 3<br>2. Орална хирургија – 11<br>3. Ортодонција – 4<br>4. Стоматолошка протетика - 2 |
| Струга | | |
| Струмица | 3 | 1.Стоматолошка протетика-1<br>2. Орална хирургија – 1<br>3. Ендодонција со рестарвативна стоматологија - 1 |
| Тетово | 4 | Орална хирургија – 3<br>Ортодонција - 1 |
| Штип | 9 | Ортодонција – 3<br>Стоматолошка протетика – 2<br>Орална хирургија -4 |
| Вкупно | 60 | |

Извор: Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Факултет за медицински науки

Од вкупниот број на активни специјализации во 2023 година најголем интерес постои за специјалноста орална хирургија со 62 доктори кои ги посетуваат овие специјалистички студии и завзема 29%. Следна со 41 акривни специјализации е стоматолошка протетика со 19%, а ортодонција со 37 активни специјализации и 17% е трета по атрактивност. (Дијаграм 3)

За специјалностите ендодонција со реставративна стоматологија и парадонтологија постои идентичен интерес во 2023 година, односно специјалистички студии посетуваат по 26 доктори од двете специјалности. Може да се истакне дека во 2023 година доста голем интерес е пројавен за специјалистичките студии по ендодонција со реставративна стоматологија која во 2022 ја посетуваа само 6 доктори. Состојбата со парадонтологија е слична, во 2022 ја посетуваат 14 доктори. (Табела 4 и 6)

Најмала заинтересираност има за специјалностите: орална медицина (6) и максилофацијална хирургија (1).

*Дијаграм 3. Структура на застапеност спорд вид на специјалистички студии во 2023 година*




Извор: *Универзитетски стоматолошки клинички центар **"**Свети Пантелејмон**"**
Универзитетот „Гоце Делчев" Штип, Факултет за медицински науки

Од вкупниот број на специјалисти, (646) во Република Македонија во 2023 година најзастапени се специјалистите по ортодонција (176). Специјалистите по стоматолошка протетика се втори по застапеност со 168 специјалисти на ниво на државата. Со 126 специјалисти оралната хирургија е трета по застапеност во РМ. Најмалку застапени се специјалистите по орална медицина и општа стоматологија/ Примарна стоматолошка здравствена заштита. (Табела 6)

Во Република Македонија постојат и три субспецијализации и тоа: една субспецијализација по орална имплантологија и две субспецијализации по реконструктивна вилично-лицева протетика.

*Табела 6. Број на стоматолози/ доктори по дентална медицина специјалисти и на специјализација по вид на специјалности во Република Македонија – 2023*

| година | ВИД НА СПЕЦИЈАЛНОСТ | | | | | | | | | Субспецијалисти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Орална хирургија | Ортодонција | Стоматолошка протетика | Болести на уста и парадонт / Парадонтологија | Детска и превентивна стоматологија | Болести на заби и ендодонт/ Ендодонција и реставративна стоматологија | Максилофацијална хирургија | Орална медицина | Општа стоматологија/ Примарна стоматолошка здравствена заштита | |
| 2023 | 126 | 176 | 168 | 41 | 74 | 26 | 18 | 0 | 17 | 3 |
| на специјализација | 62 | 37 | 41 | 26 | 18 | 26 | 1 | 6 | 0 | |

Извор: Стоматолошка комора на Македонија
*Универзитетски стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон"
Универзитетот „Гоце Делчев" Штип, Факултет за медицински науки

Од 2021 до 2023 година интересот за специјализации се зголемува, а во 2023 година бројот на запишани стоматолози/доктори по дентална медицина кои посетуваат специјалистички студии е најголем. (Дијаграм 4.)

*Дијаграм 4. Број стоматолози/доктори по дентална медицина на специјалистички студии по години во РМ, 2021-2023*




Извор: *Универзитетски стоматолошки клинички центар **"**Свети Пантелејмон**"** Скопје
Универзитетот „Гоце Делчев" Штип, Факултет за медицински науки

Во 2024 година специјалистички студии посетуваат вкупно 216 доктори од кои 156 се на Универзитетски стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон" Скопје а 60 специјалистичките студии ги реализиираат во Универзитетот „Гоце Делчев" Штип, Факултет за медицински науки.

Според бројот на стоматолози/доктори по дентална медицина во 2024 година кои се на специјализација, најмногу се од Скопје – 98, потоа е Гостивар – 15, Тетово – 14, Куманово -10 и Штип - 9 активни специјализации. (табела 7а)

*Табела 7а. Стоматолози/доктори по дентална медицина на специјалистички студии во Република Македонија - 2024 година,Универзитетски стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон" Скопје*

| ГРАД | Број на специјализации | ВИД НА СПЕЦИЈАЛНОСТ |
|---|---|---|
| Берово | 0 | |
| Битола | 7 | 1.Орална хируругија-2<br>2.Детска и превентивна стоматологија<br>3.Ортодонција<br>4.Пародонтологија<br>5.Максилофацијална хирургија ЈЗУ<br>6.Стоматолошка протетика |
| Богданци | 2 | 1.Ортодонција<br>2.Стоматолошка протетика |
| Брод | 0 | |
| Валандово | 0 | |
| Велес | 1 | 1.Стоматолошка протетика |
| Виница | 1 | 1.Орална хируругија |
| Гевгелија | 4 | 1.Ортодонција -2<br>2.Орална хируругија-2 |
| Гостивар | 14 | 1. Орална хируругија-7<br>2.Детска и превентивна стоматологија<br>4.Пародонтологија<br>5.Ендодонција и реставративна стомат.<br>6.Ортодонција-4 |
| Дебар | 1 | 1.Орална хируругија |
| Делчево | 0 | |
| Демир Капија | 1 | 1.Орална хируругија |
| Демир Хисар | 0 | |
| Кавадарци | 3 | 1.Ортодонција-2<br>2.Орална хируругија |
| Кичево | 2 | 1.Ортодонција<br>2.Орална хируругија |
| Кочани | 0 | |
| Кратово | 0 | |
| Крива Паланка | 1 | 1.Ортодонција |
| Крушево | 0 | |
| Куманово | 10 | 1.Стоматолошка протетика<br>2.Орална хируругија-6<br>3.Ортодонција<br>4. Детска и превентивна стоматологија-2 |
| Неготино | 3 | 1.Стоматолошка протетика<br>2.Ортодонција<br>3.Детска и превентивна стоматологија |

| ГРАД | Број на специјализации | ВИД НА СПЕЦИЈАЛНОСТ |
|---|---|---|
| Охрид | 4 | 1.Орална хирургија<br>2.Ортодонција-3 |
| Прилеп | 5 | 1.Ортодонција<br>2.Стоматолошка протетика-2<br>3.Пародонтологија -2 |
| Пробиштип | 0 | |
| Радовиш | 0 | |
| Ресен | 1 | 1. Детска и превентивна ЈЗУ |
| Свети Николе | 1 | 1.Орална хирургија |
| Скопје | 78 | 1.Ортодонција -21<br>2.Орална хирургија -21<br>3.Стоматолошка протетика -19<br>4.Пародонтологија -8<br>5.Ендодонција и реставративна стомат -5<br>6.Детска и превентивна стоматологија -3<br>7.Орална медицина -1 |
| Струга | 4 | 1.Пародонтологија -2<br>2.Ортодонција<br>3.Орална хирургија |
| Струмица | 3 | 1.Орална хирургија<br>2.Ортодонција -2 |
| Тетово | 10 | 1.Орална хирургија -6<br>2.Ортодонција -4 |
| Штип | 0 | |
| Вкупно | 156 | 156 |

Извор: Универзитетски стоматолошки клинички центар “Свети Пантелејмон”

*Табела 7 б. Стоматолози/доктори по дентална медицина на специјалистички студии во Република Македонија - 2024 година, Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Факултет за медицински науки*

| ГРАД | Број на специјализации | ВИД НА СПЕЦИЈАЛНОСТИ |
|---|---|---|
| Берово | 1 | Стоматолошка протетика |
| Битола | 1 | Стоматолошка протетика |
| Богданци | 2 | Орална хирургија-2 |
| Брод | | |
| Валандово | | |
| Велес | 3 | Орална хирургија-3 |
| Виница | 1 | Ендодонција со рестарвативна стоматологија-1 |
| Гевгелија | 2 | 1. Ортодонција - 1<br>2. Орална хирургија - 1 |
| Гостивар | 1 | Ортодонција |
| Дебар | | |
| Делчево | | |
| Демир Капија | | |
| Демир Хисар | | |
| Кавадарци | 3 | 1. Ортодонција -1<br>2. Орална хирургија -1<br>3. Стоматолошка протетика – 1 |
| Кичево | 1 | Орална хирургија |
| Кочани | 3 | 1. Орална хирургија – 2<br>2. Ендодонција со рестарвативна стоматологија -1 |
| Кратово | | |
| Крива Паланка | | |
| Крушево | | |
| Куманово | | |
| Неготино | 1 | Орална хирургија |
| Охрид | 2 | Орална хирургија-2 |
| Прилеп | 1 | Стоматолошка протетика |
| Пробиштип | | |
| Радовиш | 2 | 1.Ендодонција со реставративна стоматологија- 1<br>2. Стоматолошка протетика - 1 |
| Ресен | | |
| Свети Николе | | |
| Скопје | 20 | 1. Ендодонција со рестарвативна стоматологија - 3<br>2. Орална хирургија – 11<br>3. Ортодонција – 4<br>4.Стоматолошка протетика - 2 |
| Струга | | |
| Струмица | 3 | 1.Стоматолошка протетика-1<br>2. Орална хирургија – 1<br>3. Ендодонција со рестарвативна стоматологија - 1 |
| Тетово | 4 | 1.Орална хирургија – 3<br>2.Ортодонција - 1 |
| Штип | 9 | 1.Ортодонција – 3<br>2.Стоматолошка протетика – 2<br>3.Орална хирургија -4 |
| Вкупно | 60 | |

Извор: Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Факултет за медицински науки

Иако во 2024 состојбата со бројот на запишани активни специјализации е речиси иста во однос на 2023 година забележана е голема разлика, односно промена во бројот на специјализации според видот на специјалноста. Имено, во корист на специјалностите орална хирургија чија посетеност во 2024 година е зголемена за 10% и ортодонција која е зголемена за 14%, намален е бројот на сите останати активни специјализации (парадонтологија,6%, ендодонција и реконструктивна стоматологија, 6%, детска и превентивна стоматологија, 4%, стоматолошка протетика за 2% и орална медицина, 2%). (Дијаграм 3, 5 и 6)

*Дијаграм 5. Застапеност според вид на специјалистички студии во Република Македонија, 2023, 2024*




Извор: Универзитетски стоматолошки клинички центар **"**Свети Пантелејмон**"**
Универзитетот „Гоце Делчев" Штип, Факултет за медицински науки

*Дијаграм 6. Процентуална застапеност според вид на специјалистички студии во Република Македонија, 2024*




Извор: Универзитетски стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон"
Универзитетот „Гоце Делчев" Штип, Факултет за медицински науки

Од 623 постоечки специјалисти, во Република Македонија, во 2024 година најзастапени се специјалистите по ортодонција (178). Специјалистите по стоматолошка протетика се втори по застапеност со 162 доктори на ниво на државата. Трета по застапеност е специјалноста оралната хирургија со 130 специјалисти на ниво на РМ. Најмалку застапени се специјалистите по примарна превентивна здравствена заштита. (Табела 8)

Во Република Македонија има и три субспецијализации и тоа: една субспецијализација по орална имплантологија и две субспецијализации по реконструктивна вилично-лицева протетика.

*Табела 8. Број на стоматолози/ доктори по дентална медицина специјалисти и на специјализација по вид на специјалности во Република Македонија – 2024*

| година | ВИД НА СПЕЦИЈАЛНОСТ | | | | | | | | | | Субспецијалисти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Орална хирургија | Ортодонција | Стоматолошка протетика | Болести на уста и парадонт / Парадонтологија | Детска и превентивна стоматологија | Болести на заби и ендодонт/ Ендодонција и реставративна стоматологија | Максилофацијална хирургија | Орална медицина | Општа стоматологија/ Примарна стоматолошка здравствена заштита | Примарна превентивна здравствена заштита | |
| 2024 | 130 | 178 | 162 | 37 | 64 | 23 | 17 | 0 | 11 | 1 | 3 |
| на специјализација | 85 | 57 | 36 | 14 | 9 | 13 | 1 | 3 | 0 | 0 | |

Извор: Стоматолошка комора на Македонија
*Универзитетски стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон"
Универзитетот „Гоце Делчев" Штип, Факултет за медицински науки

Во 2025 година специјалистички студии на ниво на Република Македонија посетуваат 216 доктори по стоматологија/доктори по дентална медицина од кои 171 специјализираат на Универзитетскиот стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон". Од нив најмногу активни специјализации има од бласта на оралната хирургија – 53. Ортодонција со 46 активни специјализации е на второ место. Следни се специјалистичките студии: по стоматолошка протетика со 26 активни специјализации, детска и превентивна стоматологија со 20, пародонтологија – 14, ендодонција и реставративна стоматологија – 6, максилофацијална хирургија – 5 и орална медицина со една активна специјализација. (Табела 9а)

*Табела 9а. Доктори по стоматологија/доктори по дентална медицина на на специјалистички студии во Република Македонија - 2025 година, Универзитетски стоматолошки клинички центар “Свети Пантелејмон” Скопје*

| ГРАД | НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА | ВИД НА СПЕЦИЈАЛНОСТ |
|---|---|---|
| Берово | 0 | |
| Битола | 8 | 1.Орална хирургија-2<br>2.Детска и превентивна стоматологија<br>3.Ортодонција<br>4.Пародонтологија<br>5.Максилофацијална хирургија -2<br>6.Стоматолошка протетика |
| Богданци | 2 | 1.Ортодонција<br>2.Стоматолошка протетика |
| Брод | 0 | |
| Валандово | 0 | |
| Велес | 1 | 1.Стоматолошка протетика |
| Виница | 1 | 1.Орална хирургија |
| Гевгелија | 4 | 1.Ортодонција -2<br>2.Орална хирургија-2 |
| Гостивар | 14 | 1.Орална хирургија-7<br>2.Детска и превентивна стоматологија<br>4.Пародонтологија<br>5.Ортодонција-4<br>6. Ендодонција и реставративна стомат |
| Дебар | 2 | 1.Орална хирургија<br>2. Детска и превентивна стоматологија |
| Делчево | 0 | |
| Демир Капија | 1 | 1.Орална хирургија |
| Демир Хисар | 0 | |
| Кавадарци | 3 | 1.Ортодонција-2<br>2.Орална хирургија |
| Кичево | 3 | 1.Ортодонција<br>2.Орална хирургија<br>3. Детска и превентивна стоматологија |
| Кочани | 0 | |
| Кратово | 0 | |
| Крива Паланка | 2 | 1.Ортодонција<br>2. Детска и превентивна стоматологија |
| Крушево | 0 | |
| Куманово | 10 | 1.Стоматолошка протетика<br>2.Орална хирургија-6<br>3.Ортодонција<br>4. Детска и превентивна стоматологија-2 |
| Неготино | 3 | 1.Стоматолошка протетика<br>2.Ортодонција<br>3.Детска и превентивна стоматологија |
| Охрид | 4 | 1.Орална хирургија<br>2.Ортодонција-3 |
| Прилеп | 5 | 1.Ортодонција<br>2.Стоматолошка протетика-2<br>3.Пародонтологија -2 |
| Пробиштип | 0 | |

| ГРАД | НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА | ВИД НА СПЕЦИЈАЛНОСТ |
|---|---|---|
| Радовиш | 0 | |
| Ресен | 1 | 1. Детска и превентивна стоматологија |
| Свети Николе | 1 | 1.Орална хирургија |
| Скопје | 82 | 1.Ортодонција -21<br>2.Орална хирургија -21<br>3.Стоматолошка протетика -19<br>4.Пародонтологија -8<br>5.Ендодонција и реставративна стомат -5<br>6.Детска и превентивна стоматологија -7<br>7.Орална медицина -1 |
| Струга | 5 | 1.Пародонтологија -2<br>2.Ортодонција<br>3.Орална хирургија<br>4. Детска и превентивна стоматологија |
| Струмица | 3 | 1.Орална хирургија<br>2.Ортодонција -2 |
| Тетово | 13 | 1.Орална хирургија -6<br>2.Ортодонција -4<br>3. Детска и превентивна стоматологија-3 |
| Штип | 3 | 1.Максилофацијална хирургија - 3 |
| Вкупно | 171 | 171 |

Извор:Универзитетски стоматолошки клинички центар “Свети Пантелејмон”

На Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Факултет за медицински науки има 45 активни специјализации, од кои, и овде најголема заинтересираност постои за орална хирургија со 20 активни специјализации, потоа се ендодонција и реставративна стоматологија со 11 активни специјализации, стоматолошка протетика и ортодонција со по 7 активни специјализации. (Табела 9б)

Според бројот на стоматолози/доктори по дентална медицина во 2025 година кои се на специјализација, најмногу се од Скопје – 99, потоа Тетово со 20, Гостивар со 16 и Куманово со 10 активни специјализации. Некои градови (6) немаат испратено стоматолози/доктори по дентална медицина на специјализација: М. Брод, Валандово, Делчево, Демир Хисар и др. (Табела 9а и 9б)

*Табела 9 б. Доктори по стоматологија/доктори по дентална медицина на специјалистички студии во Република Македонија - 2025 година, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, Факултет за медицински науки*

| ГРАД | НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА | ВИД НА СПЕЦИЈАЛНОСТ |
|---|---|---|
| Берово | 1 | 1.Орална хирургија |
| Битола | 1 | 1.Стоматолошка протетика |
| Богданци | 1 | 1.Орална хирургија |
| Брод | 0 | |
| Валандово | 0 | |
| Велес | 0 | |
| Виница | 0 | |
| Гевгелија | 3 | 1.Ортодонција<br>2.Орална хирургија-2 |
| Гостивар | 2 | 1.Ортодонција<br>2.Орална хирургија |
| Дебар | 0 | |
| Делчево | 0 | |
| Демир Капија | 0 | |
| Демир Хисар | 0 | |
| Кавадарци | 1 | 1.Орална хирургија |
| Кичево | 1 | 1.Орална хирургија |
| Кочани | 0 | |
| Кратово | 0 | |
| Крива Паланка | 0 | |
| Крушево | 0 | |
| Куманово | 0 | |
| Неготино | 0 | |
| Охрид | 2 | 1.Орална хирургија-2 |
| Прилеп | 0 | |
| Пробиштип | 1 | 1. Ендодонција и реставративна стомат |
| Радовиш | 2 | 1. Стоматолошка протетика<br>2. Ендодонција и реставративна стомат |
| Ресен | 0 | |
| Свети Николе | 0 | |
| Скопје | 17 | 1.Ортодонција -3<br>2.Орална хирургија -6<br>3.Стоматолошка протетика<br>4.Ендодонција и реставративна стомат -7 |
| Струга | 0 | |
| Струмица | 3 | 1.Орална хирургија<br>2.Стоматолошка протетика<br>3.Ендодонција и реставративна стомат |
| Тетово | 7 | 1.Орална хирургија -4<br>2.Ортодонција<br>3. Стоматолошка протетика<br>4. Ендодонција и реставративна стомат |
| Штип | 3 | 1.Ортодонција<br>2.Стоматолошка протетика-2 |
| Вкупно | 45 | 45 |

Извор:Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, Факултет за медицински науки

Во 2025 година споредено со 2024, иако намалан, сепак, најголем интерес постои за специјалистичките студии по орална хирургија (34%) потоа ортодонција 25% и стоматолошка протетика 15%. (Дијаграм 7)

*Дијаграм 7. Структура на застапеност спорд вид на специјалистички студии во Република Македонија, 2025*




Извор: Универзитетски стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон"
Универзитет „Гоце Делчев" Штип, Факултет за медицински науки

Треба да се истакне и намалувањето на бројот на постоечки специјалисти, односно, вкупниот број на специјалисти во 2025 во однос на 2024 година е намален за 28 и изнесува 595 а најзастапени се специјалистите по ортодонција 171. Специјалистите по стоматолошка протетика се застапени со 146 специјалисти. Со 126 специјалисти по орална хирургија на ниво на држава оваа специјалност е трета по ред. Најмалку застапени се специјалистите по примарна превентивна здравствена заштита, 1 и орална медицина, 1. (Табела 10)

*Табела 10. Број на доктори по стоматологија/доктори по дентална медицина, специјалисти и на специјализација по вид на специјалности во Република Македонија – 2025*

| година | ВИД НА СПЕЦИЈАЛНОСТ | | | | | | | | | | | Субспецијалисти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Стоматолошка протетика | Ортодонција | Орална хирургија | Ендодонција | Парадонтологија | Детска и превентивна стоматологија | Максилофацијална хирургија | Примарна стоматолошка здравствена заштита | Примарна превентивна здравствена заштита | Орална медицина | |
| 2025 | 595 | 146 | 171 | 126 | 17 | 37 | 64 | 17 | 12 | 1 | 1 | 3 |
| на специјализација | 216 | 33 | 53 | 73 | 17 | 14 | 20 | 5 | 0 | 0 | 1 | 0 |

Извор: Стоматолошка комора на Македонија
Универзитетски стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон"
Универзитет „Гоце Делчев" Штип, Факултет за медицински науки

Во интервал од пет години, во првите три години (2021-2023) интересот за специјалистички студии на докторите по стоматологија/доктори по дентална медицина континуирано се зголемува, а во периодот 2023 - 2025 е речиси ист. (Дијаграм 8)

*Дијаграм 8. Вкупен број на стоматолози/доктори по дентална медицина на специјалистички студии по години во РМ, 2021-2025*




Извор: Универзитетски стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон"
Универзитет „Гоце Делчев" Штип, Факултет за медицински науки

Во анализираниот период од пет години специјалистичките студии по орална хирургија се најатрактивни за докторите по стоматологија/доктори по дентална медицина. Во 2024 година на оваа специјализација биле присутни 85 стоматолози. Во 2025 специјалистичките студии по орална хирургија посетуваат 73 доктори.

Голем интерс постои и за специјалистичките студии по ортодонција која во 2024 ја посетувале 57, а во 2025 година ја посетуваат 53 докторите по стоматологија/ доктори по дентална медицина. (Дијаграм 9)

*Дијаграм 9. Застапеност на специјалистички студии по години, 2021-2025 според вид во Република Македонија*




Извор: Универзитетски стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон"
Универзитет „Гоце Делчев" Штип, Факултет за медицински науки

Поради спроведување на итна стоматолошка помош и стоматолошка заштита на деца до 14 годишна возраст од голем интерес за нашиот здравствен систем се специјалистичките студии по детска и превентивна стоматолгогија.

Во анализираниот период специјалистичките студии по орална хирургија во 2021 учествувале со 30% од вкупниот број на активни специјализации, а ортодонција со 24%. Додека во 2024 процентуалната застапеност на специјализации по орална хирургија е зголемена на 39%, а на ортодонција на 26%, за да во 2025 застапеноста по орална хирургија изнесува 34%, а ортодонција 25%. Споредено со специјалистичките студии по орална хирургија и ортодонција, специјалистичките студи по детска и превентивна стоматолгогија во 2021 биле застапени со 11%, а тоа се 15 активни специјализации, во 2024 само со 4% или само 9 активни специјализации, и со 9% во 2025 година или 20 активни специјализации, што покажува дека бројот на активни специјализации по детска и превентивна стоматолгогија е значително помал во однос на орална хирургија и ортодонција. Со ова се продлабочува веќе постоечкиот проблем со специјалноста детска и превентивна стоматологија, од причина што бројот на специјалисти по детска и превентивна стоматологија рапидно се намалува, а претстојните пензионирања ќе допринесат до уште поголем недостаток на и така веќе малиот број на специјалистички кадри од оваа област во Република Македонија. (Дијаграм 1,2,3,6, 7 и 10)

*Дијаграм 10. Специјалистички студии по детска и превентивна стоматолгогија РМ, 2021-2025 година*




Извор: Универзитетски стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон"
Универзитет „Гоце Делчев" Штип, Факултет за медицински науки

# ЗАКЛУЧОЦИ:

1. Специјалистичките студии од областа на стоматологијата се одвиваат на Универзитетскиот стоматолошки клинички центар “Свети Пантелејмон” Скопје и Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Факултет за медицински науки.

2. Во 2021 година специјалистички студии од областа на денталната медицина посетуваат вкупно 132 специјализанти од кои 117 се на Универзитетски стоматолошки клинички центар “Свети Пантелејмон“ Скопје а 15 специјалистичките студии ги реализиираат во Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Факултет за медицински науки. Оваа година најголем интерес постои за специјалноста орална хирургија и завзема 30% од вкупниот број на активни специјализации, а најмал интерес постои за специјалноста општа стоматологија/примарна стоматолошка здравствена заштита.

3. Од вкупно 156 специјализанти во 2022 година специјалистички студии на Универзитетски стоматолошки клинички центар “Свети Пантелејмон“ Скопје посетуваат 120 а 36 специјалистичките студии ги реализиираат во Универзитетот „Гоце Делчев“Штип, Факултет за медицински науки. Интересот за специјалноста орална хирургија е уште поголем од 2021 и изнесува 33% од вкупниот број на активни специјализации. Најмал интерес постои за специјалноста општа стоматологија/примарна стоматолошка здравствена заштита. Слична е состојбата и со специјалистичките студии по орална медицина на која специјализираат двајца доктори и за специјалноста максилофацијална хирургија.

4. Специјалистички студии во 2023 година посетуваат вкупно 217 специјализанти од кои 157 се на Универзитетски стоматолошки клинички центар “Свети Пантелејмон“ Скопје а 60 доктори специјалистичките студии ги реализиираат на Универзитетот „Гоце Делчев“Штип, Факултет за медицински науки. Иако намалена споредено со минатите години заинтересираноста за специјалноста орална хирургија е 29% од вкупниот број на активни специјализации. Најмал интерес има за специјалностите: орална медицина (6) и максилофацијална хирургија (1).

5. Во 2024 година 216 специјализанти посетуваат специјалистички студии од кои 156 се на Универзитетски стоматолошки клинички центар “Свети Пантелејмон“ Скопје а 60 доктори специјалистичките студии ги реализиираат на Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Факултет за медицински науки. Со 39% застапеност на специјалистичките студии по орална хирургија во 2024 година има најголем број на активни специјализанти во анализираниот период и покрај тоа што бројот на истите е речиси ист со 2023 година, а најмал интерес постои за специјалностите: орална медицина (1) и максилофацијална хирургија (1).

6. Специјалистички студии на ниво на Република Македонија во 2025 година посетуваат 216 доктори по стоматологија/доктори по дентална медицина од кои 171 специјализираат на Универзитетскиот стоматолошки клинички центар “Свети Пантелејмон” На Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Факултет

за медицински науки има 45 активни специјализации. Споредбено со 2024 во 2025 година, иако намалан, сепак, најголем интерес постои за специјалноста орална хирургија (34%) потоа ортодонција 25% и стоматолошка протетика 15%.

7. Во интервал од пет години, во првите три години (2021-2023) интересот за специјалистички студии за докторите по стоматологија/доктори по дентална медицина континуирано се зголемува, а во периодот од 2023 до 2025 е речиси ист.

8. Во анализираниот период специјалистички студии по специјалноста орална хирургија во 2021 посетувале 30% од вкупниот број на доктори, а ортодонција со 24%. Во 2024 процентуалната застапеност на специјализации по орална хирургија е зголемена на 39%, а на ортодонција на 26%, за да во 2025 застапеноста по орална хирургија изнесува 34%, а ортодонција 25% од вкупниот број на активни специјализации.

9. Специјалистичките студии по детска и превентивна стоматолгогија во 2021 биле застапени со 11% од вкупниот број на активни специјализации, а тоа се 15 доктори. Во 2024 специјалистичките студии по детска и превентивна стоматолгогија ги посетувале само 9 доктори или 4% од вкупниот број. во 2025 година има 20 активни специјализации од оваа област или 9%, што покажува дека бројот на специјалистички студии од областа на детска и превентивна стоматолгогија е значително помал во однос на орална хирургија и ортодонција и покрај недостатокот од специјалисти по детска и превентивна стоматолгогија .

10. Недостаток на специјалисти по детска и превентивна стоматологија уште повеќе се продлабочува со појава на новиот тренд на замена на специјализации од детска и превентивна стоматологија со специјалнопстите орална хирургија и ортодонција, поточно, од 18 специјализации по детска и превентивна стоматологија во 2023 година, во 2024 година девет се заменети со специјализации од орална хирургија и ортодонција.

11. Евидентна е нерамномерната распределба на специјалистичките студии според видот, со најголема застапеност на орална хирургија и ортодонција.